**201909801251**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за електронско управување и електронски услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 април 2019 година.

Бр. 08-2583/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

### Глава прва

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

**Предмет на Законот**

(1) Со овој закон се уредува работата на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа (во натамошниот текст: органи), при размена на податоци и документи во електронска форма, односно остварување на електронски услуги, кога тоа е утврдено со закон.

(2) Со овој закон се уредува и работата на судовите, јавните обвинителства и државното правобранителство, правни лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, правни лица кои даваат и обезбедуваат услуги од јавен интерес, односно субјекти од областа на образованието, здравството, социјалната заштита, финансиите, банкарството, осигурувањето, енергетиката, водоснабдувањето, електронските комуникации, поштенските услуги и комуналните услуги при размена на податоци и документи во електронска форма, односно остварување на електронски услуги, кога тоа е утврдено со закон (во натамошниот текст: други субјекти).

(3) Со овој закон се уредуваат и прашањата поврзани со воспоставувањето и функционирањето на Националниот портал за електронски услуги, Каталогот на услуги и Една точка за услуги.

Член 2

**Примена на Законот**

(1) Одредбите на овој закон се применуваат и на работата на физички и правни лица при остварување на административни услуги по електронски пат.

(2) Одредбите на овој закон не се применуваат при работа со документи и податоци во електронска форма кои содржат класифицирани информации, како и на документи кои се однесуваат на заштита на интересите на безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија, кога тоа е утврдено со закон.

(3) Одредбите на овој закон не се однесуваат на правилата за работа со документи и податоци во хартиена форма, кога со закон се предвидува посебна постапка или форма за извршување на определени дејствија.

(4) Постапките предвидени со овој закон ќе се водат согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка и посебните закони со коишто е уредена работата на субјектите од член 1 став (2) од овој закон, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(5) Постапките за обезбедување на административни услуги кои се пропишани со посебни закони се водат во согласност со одредбите на законот што ја уредува услугата, кога истата се обезбедува по електронски пат.

Член 3

**Цели на законот**

Со овој закон се обезбедува ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на органите од член 1 став (1) од овој закон како и надлежностите, правата и овластувањата на субјектите од член 1 став (2) од овој закон, а врз основа на утврдени стандарди и процедури, во согласност со одредбите од овој закон и посебните закони, во функција на обезбедување на електронски услуги за корисниците на услугите.

Член 4

**Значење на поимите употребени во овој закон**

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

- ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМ е систем кој се користи за составување, праќање, примање, чување и друга обработка на податоци и документи во електронска форма,
- СЕРТИФИКАТ е потврда за исполнувањето на условите за функционирањето на информациските системи,
- БАЗА НА ПОДАТОЦИ е структурирана колекција на записи или податоци што се чуваат во електронска форма,
- ПОДАТОЦИ ВО ЕЛЕКТРОНСКА ФОРМА се податоци коишто се пратени или примени по електронски пат, вклучувајќи го и електронското разменување на податоци,
- РАЗМЕНА НА ПОДАТОЦИ е способност на информациските системи да обработуваат, меѓусебно да разменуваат и да чуваат документи и податоци по електронски пат, користејќи ги единствените технолошки стандарди и процеси,
- ЕДИНСТВЕНА ОКОЛИНА за размена на документи и податоци по електронски пат која е управувана околина за стандардизирана размена на документи и податоци меѓу органите, односно националната платформа за интероперабилност - Македонска информациска магистрала (во натамошниот текст: МИМ),

- ИНФОРМАЦИСКА БЕЗБЕДНОСТ е систем на мерки за заштита на информациските системи, посебната телекомуникациска мрежа, документите во електронска форма и податоците во електронска форма од неовластен и случаен пристап, искористување, промена, спречување на пристапот до документите и податоците или нивно уништување, спречување на давањето на електронски услуги,

- ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ се административни услуги за чиешто обезбедување се одговорни органите во согласност со нивната законска надлежност, а истите ги обезбедуваат и по електронски пат,

- КОРИСНИК НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ е физичко или правно лице, кое поднело барање за остварување на административна услуга по електронски пат, согласно со закон (во натамошниот текст: корисник),

- ДАВАТЕЛ НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ е надлежен орган и друг субјект, којшто дава административни услуги по електронски пат на физички и правни лица, во рамките на својот делокруг на работа утврден со закон или извршува дејност за која е регистриран (во натамошниот текст: давател),

- ВЕРИФИКАТОР НА ПРОЦЕСИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ е вработено лице во надлежен орган или друг субјект, кој во името на надлежниот орган ги потврдува административните процеси кои се поврзани со услугите што ги обезбедува органот, врз основа на претходно овластување издадено од раководното лице на органот или друг субјект на вработениот за верификација на процеси,

- НАЦИОНАЛЕН ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ е електронска платформа преку која се овозможува користење на електронските услуги, до која платформа се пристапува со користење на информатичко комуникациски технологии врз основа на логички поврзани процеси,

- КАТАЛОГ НА УСЛУГИ за целите на овој закон е единствен регистар на услуги, во кој се јасно и недвосмислено утврдени: надлежниот орган што ја обезбедува секоја поединечна услуга, законот од којшто произлегува услугата и надлежноста на органот, условите коишто е потребно да бидат исполнети за користење на секоја поединечна услуга, како и доказите коишто се потребни за користење на конкретната услуга, врз основа на закон,

- ЕДНА ТОЧКА ЗА УСЛУГИ е административна канцеларија која овозможува пристап до услуги на повеќе надлежни органи и во која може да се подигнат акти донесени од надлежните органи за кои е наменета административната канцеларија, а за кои услуги претходно е поднесено барање од страна на корисник на конкретна услуга којашто ја обезбедува надлежен орган во согласност со закон. Единствената точка за услуги обезбедува и информативни сервиси за различни видови на услуги кои ги обезбедуваат надлежните органи за населението во Република Македонија,

- ПОСРЕДНИК ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ УСЛУГИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ е вработено лице во надлежен орган, кој во име и за сметка на корисникот на електронската услуга презема соодветни дејствија.

(2) Изразите што се употребуваат во овој закон чие значење не е дефинирано во ставот (1) на овој член, имаат значење утврдено со друг закон.

## Глава втора

СОБИРАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Член 5

**Еднократно собирање на податоци и пристап до нив**

(1) Давателите на електронски услуги се должни да ги обезбедат по службена должност податоците од контролорот и обработувач на податоците од Централниот регистар на население.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку во Централниот регистар на население не се содржани потребните податоци, истите се обезбедуваат од изворникот на податоци коишто веќе се собрани за физичките и правните лица, согласно со закон.

(3) Давателот на електронски услуги е должен да обезбеди пристап на физичките и правните лица до податоците собрани за нив, согласно со закон.

Член 6

**Доставување на податоци по службена должност**

Контролорот и обработувач на податоците од Централниот регистар на население и изворникот на податоци согласно со одредбите од Законот за централен регистар на население е должен по службена должност да доставува податоци по претходно барање од давателите на електронски услуги, доколку тие се потребни за извршување на нивните работи согласно со закон.

Член 7

**Автоматско доставување на податоци**

(1) Барање за доставување на податоци од физички и правни лица до органите и известување од страна на органите, се врши по електронски пат.

(2) При недостиг на техничка можност за доставување на податоци по електронски пат и во случаи кога законот предвидува регистрите да се водат рачно, податоците се доставуваат како електронски документи во формат со неструктурирана содржина.

Член 8

**Обврска за идентификација**

(1) Органите, физичките и правните лица, при размена на документи во електронска форма и при давање или остварување на административни услуги по електронски пат, се должни да се идентификуваат со средство за електронска идентификација, согласно со одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(2) Начинот на проверка на идентитетот на корисникот при поднесување на барањето по електронски пат со користење на единствената околина го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 9

**Обврска за користење на МИМ**

(1) Органите и другите субјекти се должни при размена на електронски документи и податоци да ја користат МИМ, управувана од Министерството за информатичко општество и администрација.

(2) Стандардите за интероперабилност на МИМ, врз основа на кои е изградена националната платформа за интероперабилност, ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација со посебен акт.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога органите и другите субјекти немаат можност за непосредна размена на податоци и документи по електронски пат, за комуникација со други органи и субјекти можат да користат услуга за електронска препорачана достава на документи согласно со одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Член 10

**Правила за користење на информациските системи**

(1) Начинот на користење на информациските системи за обработка на податоците во електронска форма од страна на органите од член 1 став (1) од овој закон, преку МИМ го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

(2) Начинот на користење на посебните информациски системи кај органите за обработка на податоците во електронска форма го пропишуваат органите со посебни акти.

**Глава трета**

ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

**I. Пристап и обезбедување на електронски услуги**

Член 11

**Користење на електронски услуги**

Органите се должни да овозможат користење на електронски услуги утврдени со закон, освен ако со закон не е утврдена друга форма за обезбедување на тие услуги.

Член 12

**Известување за извршена електронска услуга**

(1) Давателот на електронски услуги ги известува корисниците за извршените услуги преку Националниот портал за електронски услуги на електронската адреса наведена од страна на корисникот на услугите.

(2) Во оние случаи во кои постапката согласно со закон завршува со преземање на конкретни дејствија или мерки од страна на надлежниот орган или друг субјект, корисникот на електронската услуга добива известување преку Националниот портал за

електронски услуги дека услугата е извршена на тој начин што надлежниот орган овозможил остварување на конкретно право или евидентирал исполнување на конкретна обврска.

(3) Во оние случаи во кои постапката согласно со закон завршува со донесување на управен акт, корисникот на електронската услуга добива известување преку Националниот портал за електронски услуги дека услугата е извршена на тој начин што надлежниот орган го донел конкретниот управен акт со кој завршува постапката.

(4) Актот се смета за врачен по електронски пат во моментот на преземањето на истиот преку Националниот портал за електронски услуги.

(5) Ако корисникот на услугите во барањето навел доставување на актот или известувањето со користење на квалификувана електронска препорачана достава, врачувањето се смета за извршено во моментот означен на потврдата за квалификувана електронска препорачана достава, согласно со одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(6) Доколку корисникот на електронските услуги не го подигне управниот акт преку Националниот портал за електронски услуги или нема потврда за квалификувана електронска препорачана достава во рок од седум дена сметано од денот на испратеното известување, давателот на електронската услуга му го доставува актот во хартиена форма, во согласност со одредбите на законот со кој е уредена услугата.

Член 13

**Пристап до електронските услуги**

(1) Министерството за информатичко општество и администрација е одговорно за непречено функционирање на Националниот портал за електронски услуги.

(2) Давателот на електронски услуги ги користи барањата за давање на административна услуга по електронски пат утврдени во согласност со закон.

(3) Начинот за електронско плаќање за административните услуги кои се обезбедуваат по електронски пат го пропишува министерот за информатичко општество и администрација со соодветен подзаконски акт.

Член 14

**Пристап до податоците и документите во електронска форма**

Давателот на електронски услуги е должен да му овозможи на корисникот пристап до сите податоци и документи што се однесуваат на бараната административна услуга по електронски пат согласно со закон, на начин кој дозволува нивно обновување и чување.

Член 15

**Собирање, обработка и давање на лични податоци**

(1) Давателот на електронски услуги може да собира, да обработува и да дава на користење лични податоци само кога тоа е утврдено со закон.

(2) Личните податоци не можат да се користат за цели, различни од тие што се утврдени со овој закон, освен ако постои согласност на физичкото лице.

(3) Во собирањето, обработката и давањето на користење на лични податоци, давателите на електронски услуги се должни да ги применуваат прописите за заштита на личните податоци.

Член 16

**Технички барања, политики и стандарди**

(1) Давателот на електронски услуги исполнува минимални технички барања и стандарди за обезбедување на електронски услуги, кои ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

(2) Минималните технички барања и стандарди од ставот (1) на овој член се објавуваат на веб страницата на Министерството за информатичко општество и администрација.

## II.Доставување на документи во електронска форма

Член 17

**Поднесување на барање**

(1) Корисникот може да поднесува барања во електронска форма, согласно со овој закон и одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, како и начинот на доставување ги пропишува раководното лице на органот кој обезбедува електронски услуги.

Член 18

**Начин на поднесување на барање**

(1) Поднесувањето на барањата во електронска форма од физички или правни лица се врши:

1) преку Националниот портал за електронски услуги;

2) преку единствената околина и

3) со користење на други платформи кои ги исполнуваат условите утврдени во овој закон.

(2) Националниот портал за електронски услуги од ставот (1) точка 1) на овој член, обезбедува извршување на електронски услуги согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Член 19

**Поднесување на барање преку Националниот портал за електронски услуги**

Корисникот на електронски услуги пополнува стандардизирани обрасци во електронска форма, обезбедени преку Националниот портал на електронски услуги, пропишани од страна на министерот за информатичко општество и администрација.

Член 20

**Електронска форма на документите**

(1) Електронската форма на документите е стандардизирана за сите документи коишто се издаваат од страна на надлежните органи преку Националниот портал за електронски услуги при обезбедувањето на административни услуги по електронски пат, согласно со одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(2) Електронските документи кои ги издаваат надлежните органи преку Националниот портал за електронски услуги се издаваат врз основа на пропишаните стандарди од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Член 21

**Обврска за поседување на електронска адреса**

(1) Корисникот е должен да ја пријави својата електронска адреса за користење на електронски услуги до давателот.

(2) Физичкото лице во својство на корисник на електронски услуги преку Националниот портал за електронски услуги ја пријавува својата електронска адреса на Националниот портал за електронски услуги по електронски пат или преку Една точка за услуги, а правното лице во својство на корисник на електронски услуги преку Националниот портал за електронски услуги ја пријавува својата електронска адреса во Централниот регистар на Република Северна Македонија односно до надлежниот регистарски суд доколку се работи за политичка организација.

(3) Доколку корисникот ја променил електронската адреса без да го извести давателот, или дал погрешна електронска адреса, сите соопштенија испратени на дадената адреса се сметаат за уредно доставени.

(4) Доколку корисникот изврши промена на електронската адреса за добивање на електронски услуги, должен е настаната промена, доколку е физичко лице, да ја пријави по електронски пат на Националниот портал за електронски услуги најдоцна во рок од пет работни дена од денот на промената, а доколку се работи за правно лице, истата, а најдоцна во рок од дваесет и четири часа да ја пријави во Централниот регистар на Република Северна Македонија односно до надлежниот регистарски суд доколку се работи за политичка организација.

(5) Електронската адреса за правните лица од Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно од регистарскиот суд за политичка организација автоматски се презема во Националниот портал за електронски услуги.

Член 22

**Постапување со примени барања и документи во хартиена форма**

(1) Кога барањата и документите на корисниците се доставени до органите во хартиена форма, тие се воведуваат во информацискиот систем на органот преку нивно скенирање, односно истите се дигитализираат.

(2) Скенирањето, односно дигитализацијата на барањата и документите примени во хартиена форма го врши вработениот кој го примил поднесокот и истиот ја потврдува идентичноста на хартиеното барање или документ со неговата дигитална форма со употреба на електронски потпис или со електронски печат на органот, во согласност со одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(3) Барањата и документите од ставот (1) на овој член доставени во хартиена форма веднаш се враќаат на корисникот на услугите доколку се доставени на рака или најдоцна во рок од три дена по препорачана пратка сметано од денот на приемот на барањето или документот по пошта.

## III. Примање на документи во електронска форма

Член 23

**Примање на барања по електронски пат**

Барањата поднесени по електронски пат се примаат од лица овластени од давателот на електронски услуги.

Член 24

**Прием на барања**

(1) Барање по електронски пат се смета за примено со негово евидентирање во Националниот портал за електронски услуги или во единствената околина за размена на документи и податоци во електронска форма.

(2) Ризикот од грешки при доставување на барањето кон давателот на електронски услуги е на товар на корисникот.

Член 25

**Проверка за соодветност**

Кога барањето што е испратено по електронски пат до давателот е во различна од формата утврдена со закон или корисникот не може да се идентификува во согласност со закон, на корисникот веднаш му се праќа известување по електронски пат дека приемот не е потврден, како и причините за тоа.

Член 26

**Потврда за прием**

(1) По добивањето на барањето во електронска форма, на корисникот веднаш му се праќа електронска потврда за приемот.

(2) Содржината на потврдата од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 27

**Проверка за точност**

(1) Давателот на електронската услуга врши проверка за точноста на барањето и за точноста на доставените податоци.

(2) Доколку се утврдат неправилности во барањето на корисникот му се праќа електронско известување со упатство и рок за отстранување на грешките, во согласност со Законот за општата управна постапка.

Член 28

**Обработка на барањето во електронска форма**

(1) Обработката на барањето во електронска форма се врши на начин и во постапка утврдена со законот со кој е определено правото или обврската за корисникот.

(2) При обработката на барањето преку Националниот портал за електронски услуги, давателот на електронски услуги ги користи податоците за корисникот содржани во Централниот регистар на население, согласно со Законот за централен регистар на население и прописите за заштита на личните податоци.

(3) Давателот на електронската услуга обезбедена преку Националниот портал за електронски услуги задолжително врши проверка на податоците за корисникот содржани во Централниот регистар на население при приемот на барањето и пред завршувањето на постапката.

(4) По исклучок од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, кога во Централниот регистар на население не се содржани потребните податоци од ставот (2) на овој член, истите се обезбедуваат од изворникот на податоци коишто веќе се собрани за физичките и правните лица, согласно со одредбите од Законот за централен регистар на население.

**IV.Чување на документи во електронска форма**

Член 29

**Чување на документи во електронска форма**

Сите добиени и доставени документи во електронска форма се чуваат во информацискиот систем на давателите на електронски услуги, согласно со закон.

**Глава четврта**

КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ОРГАНИТЕ ПО ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ, ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ И КОНТРОЛА

**I. Начин на комуникација меѓу органите по електронски пат**

Член 30

**Обврска за комуникација меѓу органите по електронски пат**

(1) Органите се должни да разменуваат меѓусебно податоци и документи по електронски пат, заради остварување на надлежностите утврдени со закон.

(2) Доколку тоа не е уредено со закон, начинот на комуникација меѓу органите по електронски пат со цел размена на податоци и документи може да се утврди со склучување на договори за комуникација меѓу органите по електронски пат, согласно со овој закон.

Член 31

**Користење на единствени стандарди и правила**

(1) Органите се должни да користат унифицирани номенклатури во меѓусебната комуникација по електронски пат.

(2) Стандардите и правилата за унифицирани номенклатури од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 32

**Обезбедување на информациска безбедност**

(1) Органите се должни да применат мерки за информациска безбедност на информацискиот систем кој го користат за комуникација по електронски пат.

(2) Посебните стандарди и правила за информациска безбедност на системот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

(3) Стандардите и правилата за безбедност на информациските системи коишто се користат од органите за комуникација по електронски пат ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација со посебен акт.

Член 33

**Регистар на услуги**

(1) Министерството за информатичко општество и администрација води регистар на услуги обезбедени преку Националниот портал за електронски услуги или запишани во Каталогот за услуги како посебна електронска база на податоци за сите органи и други субјекти, која содржи опис на услугата преку определен технички стандард и спецификација.

(2) Формата, содржината и начинот на користењето, запишувањето, пристапот и чувањето на регистарот од ставот (1) на овој член, го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 34

**Сертификат за интероперабилност**

(1) Министерството за информатичко општество и администрација води листа на правни лица кои вршат дејноста од областа на информациско комуникациските технологии, односно проверка на интероперабилност на информациски системи, а кои ги користат органите и другите субјекти за комуникација преку единствената околина.

(2) Начинот и процедурата за упис во листата од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на сертификатите за интероперабилност ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.
(3) Процедурата за издавање на сертификат за интероперабилност ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 35

**Проверка на интероперабилност информациските системи**

Министерството за информатичко општество и администрација врши проверка на безбедноста и интероперабилноста на информациските системи кои ги користат органите и другите субјекти за комуникација преку единствената околина, согласно со процедури пропишани од страна на министерот за информатичко општество и администрација.

**Глава петта**

НАЦИОНАЛЕН ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ, КАТАЛОГ НА УСЛУГИ И ЕДНА ТОЧКА ЗА
УСЛУГИ

Член 36

**Содржина на Националниот портал за електронски услуги**

(1) Националниот портал за електронски услуги содржи стандардизирани обрасци кои му се потребни на корисникот на електронската услуга за остварување на неговите права или за исполнување на неговите обврски, согласно со закон.
(2) Националниот портал за електронски услуги со користење на информатички технологии врз основа на логички поврзани процеси за корисникот на електронските услуги овозможува поднесување на барање до давателот на соодветната електронска услуга.
(3) Националниот портал за електронски услуги го воспоставува и се води во Министерството за информатичко општество и администрација.

Член 37

**Евидентирање на електронските услуги во Каталогот за услуги**

(1) Секој надлежен орган е должен да ги евидентира услугите на јасен, прецизен и едноставен начин во Каталогот за услуги што ги обезбедува согласно со закон.
(2) По уписот во евиденцијата на услуги во Каталогот за услуги, а пред нивното објавување на Националниот портал за електронски услуги, верификаторот на процесите за обезбедување на електронски услуги ја потврдува содржината на стандардизираните електронски обрасци и ги потврдува административните процеси кои се поврзани со услугите што ги обезбедува органот.
(3) Верификаторот на процесите за обезбедување на електронски услуги ја потврдува содржината на стандардизираните електронски обрасци и ги потврдува административните процеси врз основа на претходно овластување издадено од раководното лице на органот.

Член 38

**Ажурирање на електронските услуги**

(1) Надлежниот орган е должен секоја електронска услуга што ја обезбедува поединечно да ја ажурира во случаи на било какви променети околности кои влијаат на обезбедување на таа услуга.

(2) По спроведеното ажурирање на услугите во Каталогот за услуги, а пред нивното објавување на Националниот портал за електронски услуги, истите се потврдуваат и одобруваат од страна на верификаторот на процесите за обезбедување на услугите.

(3) Надлежниот орган е должен по секоја измена и дополнување на закон или подзаконски акт со кој е веќе утврдена електронска услуга, да го извести Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за внатрешни работи.

Член 39

**Функција на Каталогот на услуги**

(1) Каталогот на услуги се води во електронска форма од страна на министерството за информатичко општество и администрација.

(2) Основната функција на каталогот на услуги е да обезбеди структуриран начин за чување на неопходни информации за процедурите и потребните документи за остварување на конкретно право или исполнување на конкретна обврска од страна на физичките лица, а за кои е надлежен соодветен орган.

(3) Одговорноста за точноста и ажурноста на информациите за одредена услуга содржана во Каталогот на услуги е на страна на давателот на соодветната услуга.

Член 40

**Начин на каталогизација на услугите**

(1) Каталогот на услуги ги содржи податоците за административните услуги кои ги обезбедуваат надлежните органи, групирани по сродни административни области.

(2) Органите се должни покрај ажурирање на податоците од членот 38 став (1) на овој закон да ги одржуваат и чуваат базите на административните услуги, а се одговорни и за промените што се однесуваат на статусот на административни услуги.

(3) Пред објавување на информациите содржани во каталогот што се однесуваат на услугите за кои е надлежен секој орган поединечно, истите се потврдуваат и одобруваат од страна на верификаторот на процесите за обезбедување на услугите од надлежниот орган.

Член 41

**Една точка за услуги**

(1) Една точка за услуги обезбедува пристап до услуги на повеќе надлежни органи, преку административни канцеларии каде може да се поднесат барања и да се добијат услуги од различни надлежни органи.

(2) Една точка за услуги обезбедува и основни информации за различни видови на услуги кои ги обезбедуваат надлежните органи за населението во Република Северна Македонија.

(3) Распределбата и формирањето на надлежните органи во административни канцеларии во една точка за услуги ја определува министерот за информатичко општество и администрација по претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Член 42

**Посредник за административни услуги по електронски пат**

(1) Посредникот за административни услуги по електронски пат е должен да постапува согласно со овој закон и договорот од ставот (2) на овој член, со цел да ги заштити интересите на корисникот на електронската услуга.

(2) Односот помеѓу посредникот и корисникот на електронската услуга се воспоставува врз основа на договор.

(3) Начинот на постапување на посредниците, како и образецот на договорот од ставот (2) на овој член го пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

**Глава шеста**

НАДЗОР

Член 43

Надзор над примената на овој закон врши Министерството за информатичко општество и администрација.

**Глава седма**

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 44

(1) За прекршоците утврдени со овој закон, прекршочната постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

(2) Формата и содржината на записникот и на прекршочниот налог ги пропишува министерот за информатичко општество и администрација.

Член 45

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на органот ако постапи спротивно на одредбите од членовите 5, 6, 8 и 9 став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработено лице во органот ако ги стори прекршоците утврдени во ставот (1) од овој член.

Член 46

(1) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на органот ако постапи спротивно на одредбите од членовите 11 и 14 на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработено лице во органот ако ги стори прекршоците утврдени во ставот (1) од овој член.

Член 47

(1) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на раководното лице на органот ако постапи спротивно на одредбите од членовите 30 став (1), 31 став (1), 32 став (1), 37 став (1), 38 став (1) и 40 став (2) на овој закон.

(2) Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработено лице во органот ако ги стори прекршоците утврдени во ставот (1) од овој член.

## Глава осма

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 48

(1) Органите кои до денот на започнувањето на примената на овој закон склучиле договор за поврзување на единствената околина со Министерството за информатичко општество и администрација, се смета дека ги исполнуваат условите за поврзување на единствената околина определени со овој закон.

(2) Сертификатите издадени на правните лица кои вршат дејност- електронска препорачана достава до денот на започнувањето на примената на овој закон важат се до истекот на нивната важност, а нивното обновување се врши согласно со одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(3) Надлежните органи кои согласно со овој закон се определени и како даватели на електронски услуги се должни да определат верификатори на процесите за обезбедување на електронски услуги во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Листата на правни лица кои вршат проверка на интероперабилност на информациски системи преку единствената околина Министерството за информатичко општество и администрација ќе ја воспостави во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 49

(1) Обврските од членот 8 став (1) и членот 9 став (3) од овој закон кои се однесуваат на одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги ќе се извршуваат во согласност со одредбите од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2001, 6/2002, 98/2008 и 33/15), се до денот на започнувањето на примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(2) Членот 12 став (5), членот 17 став (1), членот 18 став (2), членот 22 став (2) од овој закон ќе се применуваат во согласност со одредбите од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2001, 6/2002, 98/2008 и 33/15), се до денот на започнувањето на примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(3) За членот 8 став (1), членот 9 став (3), членот 12 став (5), членот 17 став (1), членот 18 став (2), членот 20 и членот 22 став (2) од овој закон, а кои се однесуваат на електронската идентификација, електронски документи и електронска препорачана достава до денот на започнувањето на примената на овој закон и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги ќе важат одредбите од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ број 34/2001, 6/2002, 98/2008 и 33/15).

Член 50

(1) Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Надлежните органи се должни да ги усогласат своите закони со одредбите од овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Другите субјекти од членот 1 став (2) на овој закон се должни да го усогласат своето работење со овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 51

Со денот на започнувањето на примената на овој закон, престанува да важи Законот за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ број 105/2009, 47/11, 193/15, 52/16 и 99/18).

Член 52

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.